Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
**Министерство за финансии** | **Ministria e Financave**

Друштво за обезбедување на имот и лица
АРМОР СЕКЈУРИТИ ДОО
Бр 03-239
03.11.2022 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Архивски број: 03-11453/1
Датум: 03-11-2022

АНЕКС НА ДОГОВОР
за обезбедување на имот број 03-9741/1 од 26.10.2021 година и
број 03-216/216 од 29.10.2021 година

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за обезбедување на имот и лица „АРМОР СЕКЈУРИТИ“ ДОО Гевгелија, со седиште на ул.„Скопска“ бр.9 Гевгелија, претставувано од Ристо Мелков, во својство на управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

Член 1

Предмет на овој Анекс на Договор е измена на одредбите на Договорот за обезбедување на имот број 03-9741/1 од 26.10.2021 година и број 03-216/216 од 29.10.2021 година, во согласност со член 18 од договорот и член 119 став 1 точка 3 и став 2 од Законот за јавните набавки.

Член 2

Во член 2 став 1 зборовите „за период од 12 месеци“ се менуваат и гласат: „за период од 14 месеци“.

Член 3

Во членот 3 ставовите 3, 4 и 5 се менуваат и гласат:

„Вкупната максималната вредност на договорот за период од 14 месеци изнесува 2.181.648,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 392.697,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 2.574.345,00 денари.“


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 629
www.finance.gov.mk

Член 4

Во член 4 зборовите „12 месеци“ се менуваат и гласат: „14 месеци“.

Член 5

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

Член 6

Овој Анекс на Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 7

Овој Анекс на Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примерока за носителот на набавката и 2 (два) примероци за договорниот орган.

Договорен орган:
Министерство за финансии

D-r Fatmir Besimi
Министер за финансии

Носител на набавката:
Друштво за обезбедување на имот и лица
„АРМОР СЕКЈУРИТИ“ ДОО
Гевгелија

Ристо Мелков
Управител

Изработил: Валентина Никодиноска
Контролирал: Билент Мустафоски
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска - Угриновска
Согласен: д-р Јелена Таст